СО КОРПОРАЦИЈА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје престанува да важи заради истек на рокот за периодот на кој е доделена концесијата.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-6109/1
19 октомври 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2946.**

Врз основа на член 140-а став (5) од Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија" бр.115/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.10.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА УСОГЛАСЕНИОТ ТЕКСТ НА ПРЕДЛОГ НА ПРАВИЛНИКОТ СО ТАРИФА ЗА КОРИСТЕЊЕ АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ДЕЛА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на усогласениот текст на предлогот на Правилникот со тарифа за користење авторски музички дела на Здружението за заштита на авторски музички права „ЗАМП" - Скопје бр.285-1-03 од 9.6.2016 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија."

Бр. 44-6130/1
3 октомври 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**2947.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 15/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 19.10.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ НА ЈЗУ ИНСТИТУТ ПО БЕЛОДРОБНИ ЗАБОЛУВАЊА КОЗЛЕ**

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на ЈЗУ Институт по белодробни заболувања Козле бр.41-436/13 од 14.1.2014 година („Службен весник на Република Македонија" бр.10/14).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-6205/1
19 октомври 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**2948.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 15/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 19.10.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ НА АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ**

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на Агенција за управување со одземен имот бр.41-436/12 од 14.1.2014 година („Службен весник на Република Македонија" бр.10/14).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-6205/2
19 октомври 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**2949.**

Врз основа на член 36, став (3), а во врска со член 14-а од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.10.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНО ВОЗИЛО НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА КОЈ МУ ПРЕСТАНАЛА ФУНКЦИЈАТА**

Член 1

Со оваа одлука на претседателот на Владата на Република Македонија на кој му престанала функцијата – Емил Димитриев, му се обезбедува остварување на право на користење на службено возило, и тоа:

1. Патничко моторно возило
- Марка - Volkswagen
- тип - Пасат Лимузина